## ВОНРЕДНИ УЧЕНИЦИ

Вонредни ученици се лица кои образованието го стекнуваат со самообразование, по пат на полагање на испити за одреден план и програма во средното училиште.
Во ССОУ „Коле Неделковски" –Велес се верифицирани три степени на образование: III (трети), IV (четврти) и V (петти) степен.

**УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**
Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следните услови:
• да е постар од 17 години;
• да е на боледување подолг период;
• да е во работен однос;
• во други случаи утврдени со Статутот на средното училиште.

Запишувањето може да се изврши во текот на учебната година.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ВОНРЕДНО ЗАПИШУВАЊЕ**

- Оригинал свидетелства и диплома од претходно завршено образование
- Извод од матичната книга на родените
- Барање за вонреден упис
- Уплатница за вонреден упис

## ВИДОВИ НА ВОНРЕДНО ШКОЛУВАЊЕ

Вонредното образование може да се реализира по еден од следните два вида:

1. По вертикална проодност;
2. Традиционален начин на вонредно школување;

1. За ученици кои имаат завршено III степен од одредени образовни профили, односно ССО со тригодишно траење од учебната 2010/11 со решение на Министерот за образование и наука, овозможено е продолжување на образованието во IV степен, односно во ССО со четиригодишно траење по **вертикална проодност** по посебни програми одобрени од МОН. Вертикалната проодност вклучува 5 (пет) испити, а потоа кандидатот продолжува во 4 (четврта) година од соодветната струка.

Висината на трошоците за овој тип на полагање (премин од трет во четврти степен со Вертикална проодност) се:

• Запишување на кандидатите – 2500 денари;

• Полагање испит по општообразовен наставен предмет – 300,00 денари

• Полагање испит по стручен наставен предмет – 1000,00 денари

2. Во ССОУ „Коле Неделковски“ по вонреден пат се образуваат и оспособуваат кадри во неколку струки со повеќе различни профили.

**<u>Струки и образовни профили во кои кандидатите можат вонредно да се школуваат:</u>**

Во рамките на **<u>електротехничката струка</u>** постојат следниве образовни профили со **<u>четиригодишно траење:</u>**

- Електротехничар-енергетичар
- Електротехничар за електроника и телекомуникации
- Електротехничар за компјутерска техника и автоматика

Во рамките на **<u>машинската струка</u>** постојат следниве образовни профили со **<u>четиригодишно образование:</u>**

- Техничар за компјутерско управување
- Машински техничар
- Машински енергетски техничар
- Автотехничар – мехатроничар
- Машински техничар за моторни возила
- Техничар за производно машинство - дуално образование
- Машински техничар -реформиран

со **<u>тригодишно</u>** образование:

- Заварувач –реформиран
- Автомеханичар- реформиран

Во рамките на **<u>сообраќајната струка</u>** со **<u>четиригодишно образование</u>** постои образовниот профил:

- Техничар за транспорт и шпедиција

Во рамките на **<u>угостителско-туристичката струка</u>** со **<u>четиригодишно образование:</u>** постои образовниот профил:

- Хотелско – туристички техничар

со **<u>тригодишно</u>** образование:

- Келнер
- Готвач

- Испитите се пријавуваат најдоцна до 15-ти во месецот во кој има сесија.
- Во секој испитен рок се поднесува пријава за полагање и уплатница за секој предмет на жиро сметка на училиштето.
- Во една испитна сесија кандидатот може да пријави и полага до три предмети.
- Испитите се полагаат во испитни рокови утврдени согласно законски прописи и акти.
- Во еден ден кандидатот може да полага најмногу по еден предмет согласно распоредот на полагање на испитите кој се истакнува на огласна табла најмалку 5 (пет) дена пред започнувањето на полагањето на испитите.
- Идентитетот на кандидатот го утврдува испитната комисија преку лична карта.

- Во случај кога кандидатот е спречен да дојде на испит, должен е најмалку еден ден однапред да се јави и да го оправда своето отсуство.

Одговорни професори за вонредни ученици:

| | |
|---|---|
| Ѓорѓи Ѓоргиев | 078/206-022 |
| Валентина Шкрекова | 077/514-116 |